## БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ

Се доставува:

Барање за добивање дозвола за колективен постапувач (нема пропишан обрзаец). Во прилог кон барањето се доставува:

1) податоци за назив и седиште на правното лице барател – колективниот, односно самостојниот постапувач;

2) податоци за посебниот тек на отпад за кој се бара дозволата;

3) податоци за електронскиот систем за обработка, доставување и водење на податоци во согласност со обврските за управување со посебен тек на отпад и податоци за начинот на одржување на системот од членот 43 од овој закон и

4) податоци за вкупната количина на производи кои се пуштени на пазарот за претходната година од страна на договорните производители;

5) акт за основање на колективниот постапувач;

6) потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија за регистрација на правното лице колективен постапувач, како и потврда за тековната состојба;

7) потврда од Управа за јавни приходи дека за колективниот, односно производителите основачи на колективниот постапувач не е покрената постапка за ликвидација или стечај;

8) доказ за обезбедена финансиска гаранција согласно со членот 28 од овој закон;

9) список на производители со кои колективниот постапувач има склучено договор дека во нивно име и за нивна сметка ќе постапува со посебниот тек на отпад, во кој се наведени податоци за: називот и седиштето на производителот, дејноста на производителот, како и количина и вид на производи кои договорните производители ги пуштиле на пазарот на Република Северна Македонија за претходната година;

10) програма за остварување на проширената одговорност на производителот за посебниот тек на отпад од членот 30 од овој закон;

11) примерок од стандардниот договор за општите услови кој го склучува колективниот постапувач со договорениот производител;

12) изјава од управителите на основачите на колективниот постапувач дека се производители согласно со одредбите на овој закон, како и дека не вршат дејност

на управување со отпад самостојно, ниту се основачи или ко-основачи на друго правно лице кое врши дејност на управување со отпад, освен ако е во согласност со членот 21 став (6) од овој закон;

13) список на правни лица, кои имаат дозволи за управување со отпад согласно со прописите за управување со отпад, со кои колективниот постапувач има склучено договори за извршување на обврските за управување со отпад, кој задолжително содржи податоци за: назив и седиште на правното лице, број на договор склучен со колективниот односно самостојниот постапувач, вид и број на дозвола за управување со отпад согласно со прописите за управување со отпад на правното лице, опис на предметот на договорот со колективниот постапувач; како и податоци за вкупниот капацитет на секое правно лице за собирање, преработка и рециклирање на отпад согласно со дозволата за управување со отпад и договорениот капацитет со колективниот постапувач;

14) доказ за процентот на пресметаниот удел на колективниот постапувач во вкупната количина на пуштени производи на пазарот за претходната година, согласно со ставот (5) на овој член.